УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2022

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 2

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969
DOI https://www.doi.org/10.46763/YBFTBL

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА 2022

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS 2022

ГОДИНА 2 VOLUME 2

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**За издавачот**

Проф. д-р Татјана Бошков

**For the publisher**

Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.

| Издавачки совет | Editorial board |
|---|---|
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blažo Boev, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |

| Редакциски одбор | Editorial staff |
|---|---|
| Проф. д-р Татјана Бошков (Р.С. Македонија) | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров (Р.С. Македонија) | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Доц. д-р Наташа Митева (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| Проф. д-р Никола В. Димитров (Р.С. Македонија) | Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD. |
| Проф. д-р Билјана Петревска (Р.С. Македонија) | Prof. Biljana Petrevska, PhD. |
| Проф. д-р Елизабета Митрева (Р.С. Македонија) | Prof. Elizabeta Mitreva, PhD. |
| Проф. д-р Златко Јаковлев (Р.С. Македонија) | Prof. Zlatko Jakovlev, PhD. |
| Проф. д-р Цане Котески (Р.С. Македонија) | Prof. Cane Koteski, PhD. |
| Проф. д-р Драшко Атанасоски (Р.С. Македонија) | Prof. Drasko Atanasoski, PhD. |
| Проф. д-р Мичо Апостолов (Р.С. Македонија) | Prof. Mico Apostolov, PhD. |
| Проф. д-р Александра Жежова (Р.С. Македонија) | Prof. Aleksandra Zezova, PhD. |
| Проф. д-р Зоран Темелков (Р.С. Македонија) | Prof. Zoran Temelkov, PhD. |
| Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова (Р.С. Македонија) | Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD. |
| Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова(Р.С. Македонија) | Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD. |
| Проф. д-р Дејан Методијески (Р.С. Македонија) | Prof. Dejan Metodijeski, PhD. |
| Проф. д-р Мимоза Серафимова (Р.С. Македонија) | Prof. Mimoza Serafimova, PhD. |
| Доц. д-р Душко Јошески (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. |
| Доц. д-р Оливер Филипоски (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD. |
| Доц. д-р Владимир Китанов (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD. |
| Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD. |
| Доц. д-р Душица Попова (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD. |
| Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD. |
| Д-р Билјана Цоневска Гуњовска (Р.С. Македонија) | Biljana Conevska Gunjovska, PhD |
| Доц.д-р Христина Серафимовска (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Hristina Serafimovska, PhD |
| Проф.д-р Слаџана Стојановска (Р.С. Македонија) | Prof. Sladzana Stojanovska, PhD |
| Проф.д-р Глигор Бишев (Р.С. Македонија) | Prof. Gligor Bishev, PhD |
| Доц.д-р Васко Шутаров (Р.С. Македонија) | Assist. Prof. Vasko Shutarov, PhD |
| Проф.д-р Мадалина Теодора Андреи (Романија) | Prof. Madalina teoora Andrei, PhD |
| Проф.д-р Соња Кироса (Шпанија) | Prof. Sonja Kirosa, PhD |
| Проф.д-р Серџо Чипола (Италија) | Prof. Serdzo Chipola, PhD |
| Проф.д-р Ализа Флејшер (Израел) | Prof. Aliza Flejsher, PhD |
| Проф.д-р Ноам Шовал (Израел) | Prof. Noam Shoval, PhD |
| Проф.д-р Нуриа Елиса Морере Молинеро (Шпанија) | Prof. Nuria Elisa Morere Molinero, PhD |
| Проф.д-р Николас Хурвулиадес (Грција) | Prof. Nicolas Hourvouliades, PhD |
| Проф.д-р Донила Пипа (Албанија) | Prof. Donila Pipa, PhD |
| Проф.д-р Мохамед Фуад (Египет) | Prof. Mohamed Fuad, PhD |
| Проф.д-р Францис Вериза (Мадагаскар) | Prof. Francis Veriza, PhD |

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА


| | |
|---|---|
| Проф.д-р Октавиан Сербан (Романија) | Prof. Oktavian Serban, PhD |
| Проф.д-р Сабина Георги (Романија) | Prof. Sabina Georgi, PhD |
| Проф.д-р Озгур Јерли (Турција) | Prof. Ozgur Jerli, PhD |
| Доц.д-р Жарко Раџеновиќ (Србија) | Assis. Prof. Zarko Radzenovik, PhD |
| Проф.д-р Дарко Димитровски (Србија) | Prof. Darko Dimitrovski, PhD |
| Проф.д-р Драго Цвијановиќ (Србија) | Prof. Drago cvijanovik, PhD |
| Проф.д-р Марија Белиј (Србија) | Prof. Marija Belij, PhD |
| Проф.д-р Андреј Мичовиќ (Србија) | Prof. Andrej Michovik, PhD |
| Проф.д-р Серафима Рочкован (Молдавија) | Prof. Serafima Rochkovan, PhD |
| Проф.д-р Стела Дерменџиева (Бугарија) | Prof. Stela Dermendzieva, PhD |
| Проф.д-р Марта Боровска-Стефанска (Полска) | Prof. Marta Borovska Stefanska, PhD |
| Проф.д-р Јулијана Поп (Романија) | Prof Julijana Pop, PhD |
| Проф.д-р Елена Тома (Романија) | Prof. Elena Toma, PhD |
| Проф.д-р Светлана Станкова (Бугарија) | Prof Svetlana Stankova, PhD |
| Проф.д-р Ирина Лазар (Романија) | Prof Irina Lazar, PhD |
| **Уредувачки одбор** | **Editors** |
| Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник | Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor |
| Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief |
| Доц. д-р Душко Јошески – Уредник | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor |
| Доц. д-р Душица Попова – Уредник | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD - Editor |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| д-р Марија Крстева | Marija Krsteva, PhD. |



| | |
|---|---|
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Faculty of Tourism and Business Logistics |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, | Krste Misirkov 10-A., PO box 201, |
| 2000 Штип, РС Македонија | 2000 Štip, RN Macedonia |


GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

## СОДРЖИНА - CONTENTS


УБЕДУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ СТАВ ВО ПРЕГОВАРАЊЕТО .... 6

РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ - ЧОВЕКОВО ПРАВО И ОСНОВА ЗА ПРОСПЕРИТЕТЕН И ОДРЖЛИВ СВЕТ .... 13

ТРЕНДОВИ И ДВИЖЕЊА НА ТРГОВИЈАТА НИЗ ПЕРИОДИ НА РАЗВОЈОТ .... 21

УЛОГАТА НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСКИ ВО ТУРИЗМОТ .... 25

DYNAMIC OPTIMAL TAXATION MIRRLEES' APPROACH: A REVIEW .... 30

APPLICATION OF MATHEMATICAL MODELS IN ECONOMICS .... 46

ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ .... 57

ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И COVID-19 КРИЗАТА ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .... 67

ИСКОРИСТЕНОСТ НА АТРАКТИВНИТЕ МОТИВСКИ ФАКТОРИ ВО ФУНКЦИЈА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ .... 73

ЕКО-МУЗЕИТЕ - МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ТУРИСТИЧКИ СЕКТОР .... 79

МЕНАЏМЕНТ НА АНИМАЦИЈАТА ВО ТУРИСТИЧКО- УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА .... 86

ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА СПА И ВЕЛНЕС ТУРИЗАМ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА .... 92

ПЕРСПЕКТИВИ НА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА .... 99

**UDK** 338.48-6:379.845]:338.483.11(497.7)
**DOI** https://www.doi.org/10.46763/YBFTBL2221073d

# ИСКОРИСТЕНОСТ НА АТРАКТИВНИТЕ МОТИВСКИ ФАКТОРИ ВО ФУНКЦИЈА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ

**Никола В. Димитров**
**Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk**
**Цане Котески**
**Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, cane.koteski@ugd.edu.mk**

**Апстракт**
Туризмот се создава во географскиот простор. Географскиот простор е специфичен и комплексен кој располага со можности за задоволување на различни потреби на човекот. Географските детерминанти го определуваат правецот на развој на одредена рурална локација. Истражени се повеќе атрактивни мотивски фактори кои директно или индиректно влијаат врз развој на руралниот туризам. Доминантна улога од атрактивните мотивски фактори се природните и антропогените. Целта на трудот е двојна. Прво, преку анализа да се утврдат атрактивните мотивски фактори во руралниот простор, и второ, преку синтеза да се определи искористеноста на атрактивните мотивски фактори во функција на руралниот туризам. Во трудот е поместен пример на осум рурални населби, по една за секој плански регион во РС Македонија, во кои се практикува една или повеќе активности поврзани со руралниот туризам. Во трудот е користена стручна литература, податоци од интернет и емпириско истражување.

Клучни зборови: природни, антропогени, мотиви, рурални населби, региони.

## 1. Вовед

Почетоците на руралниот туризам во РС Македонија[43] започнуваат во 2003 година, и тоа прво во село Брајчино, а подоцна и во други села (Љубојно, Дихово, Лесново, Вевчани и др.). Денес во активен рурален туризам, со давање на поединечни или целосни услуги - сместување, исхрана и други активности, се занимаваат над 30 селски населби, додека пак над 80 села, распространети во сите плански региони располагаат и нудат со еден или повеќе атрактивни природни или антропогени мотивски фактори [1], [2], [3], [4], [5], [6] (Види: Табела 1).

Табела. 1 - Регионална распространетост на дел од селските населби кои практикуваат една или повеќе активности поврзани со рурален туризам
Table. 1 - Region a distribution of some of the rural settlements that practice one or more activities related to rural tourism

| Р. бр. | Плански регион | Рурални населби |
|---|---|---|
| 1. | Вардарски | **Нежилово**, Богомила, Бегниште, Теово, Папрадиште, Согле, Оморани, ... |
| 2. | Источен | **Русиново**, Лесново, Злетово, Истибања, Ѕвегор, Разловци, Зрновци, Бање, ... |
| 3. | Југоисточен | **Колешино**, Смоларе, Мокрино, Габрово, Банско, ... |
| 4. | Југозападен | **Вевчани**, Вишни, Горна Белица, Пештани, Радожда, Куратица, Велестово, Калишта, Баниште, Косоврасти, Елшани, Гари, Белчишта, Кнежино, Девич, Самоков, Манастирец, ... |
| 5. | Пелагониски | **Брајчино**, Љубојно, Долно Дупени, Стење, Дихово, Ниже Поле, Цапари, Маловишта, Бабино, Смилево, Вирово, Слоештица, Зрзе, Стровија, Пуста Река, Витолиште, Старавина, Градешница, Зович, ... |
| 6. | Полошки | **Галичник**, Маврово, Лазарополе, Тресонче, Јанче, |

[43]Додавки на името Македонија во последните осум децении (1944 -2019): Демократска Федеративна Република Македонија, ДФРМ (1944-1946); Народна Република Македонија, НРМ (1946-1963); Социјалистичка Република Македонија, СРМ (1963-1991); Република Македонија, РМ (1991-2019), призната од 133 земји во светот; апликација до ОН со привремена референца Поранешна Југословенска Република Македонија, ПЈРМ (1993-2019); Република Северна Македонија, РНМ (2019-). https://en.wikipedia.org/wiki/North_Macedoniaпреземено на 08.12.2021.

| | | |
|---|---|---|
| | | Битуше, Ростуше, Лешок, Варвара, Џепчиште, Сетоле, Врапчиште, ... |
| 7. | Североисточен | **Старо Нагоричане**, Гиновци, Куклица, Кокино, Трново, ... |
| 8. | Скопски | **Кучевиште**, Љубанци, Катланово, Матка, Кучково, ... |

Извор: [1], [2], [3], [4], [5], [6], [7]

Предмет на нашето истражување се само атрактивните фактори, а комуникативните и рецептивните фактори не се дел од истражувањето.
Сите рурални места во кои има активности во правец на руралниот туризам се поврзани со еден или повеќе природен или антропоген мотив. Пример: во село Лесново (општина Пробиштип, Источен плански регион) руралниот туризам е поврзан со повеќе природни и антропогени фактори. На туристите им се нудат информации и посета на неколку природни мотиви, и тоа: остатоци – облици на палеовулкански релјеф (вулкански купи, кратер и сл.), разни камени облици, неколку пештери со знаци на поранешен монашки живот. Од антропогените мотиви, доминира Лесновскиот манастир, историјата итрадицијата на село Лесново, како и можности за сместување во манастирските конаци и во селските домаќинства кои нудат разновидна гастрономска понуда и други активности.
Голем е бројот на села кои недоволно ги користат своите природни и антропогени мотивски фактори како туристички ресурси. Пример: село Железнец (општина Демир Хисар, Пелагониски плански регион), кое располага со повеќе природни и антропогени мотиви. Така, регистрирани или утврдени се следните природни мотиви: врутоk - извор на Црна Река, неколку пештери, кањонска долина, карстен релјеф и сл., а од антропогени мотиви, утврдени се: антички локалитет - кале, типична селска архитектура, стара црква, богата историја, фолклор, традиција и др. Од сето наведено, уреден за посета или „искористен“ е само еден природен објект, а тоа е изворот на Црна Река, а за антропогените мотиви има неколку туристички информативни табли со текстови за селото и природата. Наведените податоцисе недоволни за иницирање и развој на рурален туризам.

## 2. Материјали и методи

Во истражувањето користени се квантитативни и квалитативни методи. Доминантно учество имаат податоци од стручни трудови, како и податоци добиени од претходни теренски истражувања [4], [5], [8-14], [15]. Резултатите од истражувањето се прикажани текстуално, табеларно и картографски.

## 3. Утврдување на атрактивните мотивски фактори во руралниот простор во функција за развој на руралниот туризам

Во недостаток на катастар на природни и антропогени мотиви по населби, а важни за развој на рурален туризам, преку истражувањето на дел од селските населби кои практикуваат рурален туризам, ќе ги утврдиме најважните природни и антропогени ресурси, како и тоа колку од нив се искористени.
Важен услов за развој на туризмот се атрактивните мотивски фактори. Сите села располагаат со еден или повеќе географски атрактивни мотиви фактори кои значително влијаат за развој на туризмот. Факторите располагаат со редица атрактивни својства или атрибути, и тоа: рекреативни, куриозитети, знаменити и естетски.
Атрактивните мотивски фактори според критериумот на потекло, а во функција на руралниот туризам ги групираме во две групи: природни и антропогени. Од групата на природни туристички мотивскифактори важни за развој на руралниот туризам, се разновидни природни облици, процеси и појави. Од големиот број, ги издвојуваме: релјефот или геоморфолошките мотиви, геолошките, климатските, хидрографските, биогеографските и природно-пејзажните мотиви. Од групата на антропогени туристички мотивски фактори важни групи се: етно-социјалните или етнографски (население, етнографија, традиција, верувања, фолклор, објекти, стопанство, исхрана и др.), културно-историските (археологија, историја, културни вредности и други), манифестационите (јавни случувања, настани исл.), амбиенталните (типови на населби, архитектура, амбиентални објекти и сл.) и антропогено- пејзажни мотиви. Сепак, од антропогените туристички мотиви како доминантни за развој на руралниот туризам, ги издвојуваме следните групи: население, историја, етнологија, верување, објекти, стопанство и настани. (Види: Табела 2).

Табела. 2 - Примерок за утврдување (идентификација) на атрактивни мотивски фактори со влијание за развој на руралниот туризам
Table. 2 - Sample for determining (identification) of attractive motivational factors influencing the development of rural tourism

| Природни атрактивни мотивски фактори | |
|---|---|
| **Релјеф (I)** | Поголеми релјефни целини, со својата височина и наклон, по висински зони, орографски услови: планина (I1), врв (I2), рид (I3), рамнина (I4), поле (I5), долина (I6), … (In). |
| **Геоморфологија и геологија (II)** | Видови релјефни облици (карстни, флувијални, абразивни, глацијални и денудациони), пештери (II 1), јами (II 2), вртачи (II 3), клисури (II 4), кањони (II 5), палеовулкански купи (II 6), стрмни брегови (II 7), песочни плажи (II 8), острови (II 9), валови (II 10), циркови (II 11), камени фигури (II 12), песочни фигури (II 13), раседи (II 14), ерозија (II 15), одрони (II 16), карпи (II 17), минерали (II 18), … (II n). |
| **Клима (III)** | Умерено-континентална (III 1), планинска (III 2), изменето средоземноморска (III 3), климатски елементи (температура, врнежи, ветрови, облачност, осонченост, магла) … (III n). |
| **Вода (IV)** | Извори (IV 1), потоци (IV 2), реки (IV 3), брзаци (IV 4), водопади (IV 5), езера (IV 6), мочуриште или бара (IV 7), ... (IV n). |
| **Флора (V)** | Шуми (V 1), треви (V 2), габи (V 3), растенија (V 4), овошја (V 5), винова лоза (V 6), ...(V n). |
| **Фауна (VI)** | Животни (V I1), птици (V I2), инсекти (V I3), …(V In). |
| **Пејзаж (VII)** | приодни пејзажи (VII 1), чиста природа (VII 2), … (VII n). |
| **Општествени атрактивни мотивски фактори** | |
| **Население (А)** | Број (А 1), структура (А 2), дејност (А 3), ... (Аn). |
| **Историја (B)** | Предисторија (B 1), стар век (B 2), среден век (B 3), нов век (B 4), современо време (B 5), …(B n). |
| **Етнологија (C)** | Обичаи (C 1), традиции (C 2), фолклор (C 3), исхрана (C 4), … (C n). |
| **Верувања (D)** | Црква (D 1), манастир (D 2), џамија (D 3), … (Dn). |
| **Објекти (G)** | Археолошки локалитет (G 1), градежна архитектура (G 2), … (Gn). |
| **Стопанство (Е)** | Земјоделие (Е 1), градежниште (Е 2), занаетчиство (Е 3), … (Еn). |
| **Настани (F)** | Празници (F 1), слави (F 2), манифестации (F 3), … (Fn). |

Во некои од руралните населби доминантна улога за развој на туризмот имаат природните атрактивни мотивски фактори, а во некои антропогените атрактивни мотивски фактори. Често се случува и комбинација на атрактивни природни и антропогени мотивски фактори.

## 4. Утврдување на искористеност на атрактивните мотивски фактори во руралниот простор во функција на руралниот туризам

Досегашните истражувања зборуваат дека во РС Македонија има над 80 рурални населби со одредени активности во правец на руралниот туризам [2] [5].

Во значителен дел руралните населби имаат една или повеќе атрактивности и мотиви кои привлекуваат посетители или туристи. Поконкретно, во населбата или во нејзина близина има атрактивен природен мотив (извор, река, езеро, водопад, пештера, планина, врв и сл.) или атрактивен антропоген мотив (манастир, историски споменик, стар објект - мост, тврдина, стари куќи, археолошки локалитет, стара амбиентална целина, културни и други манифестации и сл.) кои привлекуваат посетители/туристи. Напомнуваме, во трудот не се предмет на истражување комуникативните мотивски фактори (сообраќајната мрежа, квалитетот и степенот на развиеност на превозот, нивото на удобност, комфор, организацијата на превозот, друга инфраструктура и сл.) и рецептивните мотивски фактори (вид,

опременост, организираност, комфор на сместувачки и угостителски капацитети - хотели, вили, ресторани и сл.).
Опфат во истражувањето се осум рурални населби и тоа по една од секој просторно плански регион во РС Македонија, во кои има еден или повеќе атрактивни мотивски фактори. (Види: Табела 3 и Карта 1).
Во Табела 3 за секој регион издвојуваме по една населба кои имаат утврдено еден или повеќе природни и антропогени мотивски фактори, и во кои се искористени една или повеќе природни и антропогени мотивски фактори.

Табела. 3 - Преглед на искористеност на атрактивните мотивски фактори во руралниот простор, за осум рурални населби по плански региони
Table. 3 - Overview of utilization of attractiv emotivational factor sinthe rural area, for eight rural settlements by planning regions
Извор: [2-3], [5], [7], [8-10], [16-19]

| **Број на природни мотивски фактори** | | **Број на антропогени мотивски фактори** | |
|---|---|---|---|
| **утврдени** | **искористен** | **утврдени** | **искористен** |
| **ВАРДАРСКИ РЕГИОН** | | | |
| **Село Нежилово** | | | |
| **19**<br>I 1, 2, 3; II 4, 11, 17, 18;<br>III 2; IV 1, 3, 5; V 1, 2, 3; VI 1, 2, 3; VII 1, 2 | **4**<br>I 1, 2, 3, 7 | **16**<br>A 1, 2, 3; B, 3, 4, 5; C 1, 2, 3, 4; D 1, 2; G 2; E 1; F 1, 2 | **2**<br>B 4; C 4 |
| **ИСТОЧЕН РЕГИОН** | | | |
| **Село Злетово** | | | |
| **18**<br>I 1, 2; II 4, 5, 7; III 1; IV, 3, 4, 5; V 1, 2, 3, 4; VI 1, 2, 3; VII 1, 2 | **2**<br>I 1; IV 3 | **17**<br>A 1, 2, 3; B, 2, 3, 4, 5;<br>C 1, 2, 3, 4; D 1, 2; G 2; E 1; F 1, 2 | **4**<br>B 4; C 4; D 1, 2 |
| **ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН** | | | |
| **Село Колешино** | | | |
| **16**<br>I 1, 2, 4; II 4, 5; III 1; IV 3, 5; V 1, 2, 3; VI 1, 2, 3;<br>VII 1, 2 | **4**<br>I 1, 2; IV 3, 5 | **19**<br>A 1, 2, 3; B, 3, 4, 5; C 1, 2, 3, 4; D 1, 2; G 2; E 1, 2, 3; F 1, 2, 3 | **5**<br>B 4; C 4; D 1; F 1, 3 |
| **ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН** | | | |
| **Село Вевчани** | | | |
| **18**<br>I 1, 2; II 3, 1 1; III 1, 2; IV 1, 3, 4, 6; V 1, 2, 3; VI 1, 2, 3; VII 1, 2 | **5**<br>I 1, 2; IV 1, 3, 4 | **21**<br>A 1, 2, 3; B 2, 3, 4, 5;<br>C 1, 2, 3, 4; D 1, 2; G 1, 2; E 1, 2, 3; F 1, 2, 3 | **14**<br>A 1; B 2, 4; C 1, 2, 3, 4;<br>D 1, 2; G 2; E 2; F 1, 2, 3 |
| **ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН** | | | |
| **Село Брајчино** | | | |
| **21**<br>I 1, 2; II 4, 10, 11, 17; III 2; IV 1, 2, 3, 4, 7; V 1, 2, 3, 5; VI 1, 2, 3; VII 1, 2 | **3**<br>I 1, 2; IV 3; | **12**<br>B 3, 4; C 1, 2, 3, 4; D 1, 2; G 2; E 1; F 1, 2 | **3**<br>D 1, 2; G 2; |
| **ПОЛОШКИ РЕГИОН** | | | |
| **Село Галичник** | | | |
| **14**<br>I 1, 2; II 17; III 3; IV 1, 2; | **2**<br>I 1, 2 | **11**<br>B 3, 4; C 1, 2, 3, 4; D 1; | **7**<br>C 1, 2, 3; D 1; G 2 ;F 1, 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| V 1, 2, 3; VI 1, 2, 3; VII 1, 2 | | G 2; E 1; F 1, 3 | |
| **СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН** | | | |
| **Село Старо Нагоричане** | | | |
| **14**<br>I 3, 4, 5; III 1; IV 2; V 2, 4, 5, 6; VI 1, 2, 3; VII 1, 2 | **2**<br>I 4; V 5 | **11**<br>A 1; B 3, 4, 5; C 1, 2; D 1; G 2; E 1; F1, 2 | **3**<br>B 3; C 1; D 1 |
| **СКОПСКИ РЕГИОН** | | | |
| **Село Кучевиште** | | | |
| **12**<br>I 1, 2; III 1; IV 2; V 1, 2, 3; VI 1, 2, 3; VII 1, 2 | **2**<br>I1, 2 | **13**<br>A 1; B 3, 4; C 1, 2, 3, 4; D 1, 2; G 2; E 1; F 1, 2 | **2**<br>D 1, 2 |

Карта. 1 - Осум рурални населби со атрактивни мотивски фактори по просторно плански региони во РС Македонија

Map. 1 - Eight rural settlements with attractive motive factors by spa tialplanning regions in RN Macedonia




**5. Заклучок**

Од овој мал труд може да генерализираме неколку заклучоци:

- Испитани се осум рурални населби во кои утврдивме повеќе атрактивни мотивски фактори (природни и антропогени), и издвоивме одреден број искористени атрактивни мотивски фактори, кои се дел од руралниот туризам;
- Утврдените голем број атрактивни мотивски фактори (природни и антропогени) во сите наведени населби кои не се искористени во правец на развој на руралниот туризам;
- Ова истражување е еден обид на примерок, кој може да послужи во идни идентификувања на атрактивни мотивски фактори важни за развој на рурален туризам во руралните населби.

**Користена литература**


[1] Национална стратегија за рурален туризам 2013-2017, Влада на Република Македонија, Министерство за економија, Сектор за туризам, Скопје, 2013.

[2] Методијески, Д.; Димитров, Н (2018). *Рурален туризам политика и развој*: УГД, Штип.

[3] Просторен план на Република Македонија 2002-2020, Стратегија за просторен план. МЖСПП, Скопје, 131, 2004.

[4] Мариновски, Н (2010). *Туристичка географија*: ФТУ, Охрид.

[5] Димитров, В. Н., Котески, Ц (2015). Туристичка географија: УГД, Штип.

[6] Талеска, М (2009). Рурален туризам: Библиотека Студиорум, Скопје.

[7] Просторен план на источниот плански регион 2013-2030 година (нацрт). МЖСПП, Скопје, 89, 2016.

[8] Dimitrov, N. and Petrevska, B (2012). *Rural tourism development zones: thecase of Macedonia*: Resear chesreview of the Department of geography, tourism and hotelmanagement, (41)152- 162.

[9] Petrevska, B and Dimitrov, N (2013). *Planning ruraltourism developmentin Macedonia*: Journal of Process Management - New Technologies, 1(3), 63-68.

[10] Petrevska, B., Dimitrov, N and Terzić, A (2019). *Rural areasin Macedonia astourismsupply: Problemor a challenge?:* Conference proceedings from the Fourth International conference “Geobalcanica 2019”, 15-16.06.2019, Sofia, Bulgaria, 513-518.

[11] Petrevska, B and Dimitrov, N (2020). *Tourism potential of neglected small rural areas*: Geobalcanica2020, 12-13 May 2020, Ohrid, North Macedonia.

[12] Dimitrov, N and Petrevska, B (2020). *Tourism activities inthedepopulated ruralareas: Assessment of selected villages in North Macedonia*: ICONSES 2020, 11 Sept 2020, Ohrid, North Macedonia.

[13] Dimitrov, N. and Petrevska, B (2019). Challenges for rural tourism development in North Macedonia: Journal of Applied Economics and Business, 7(4), 42-50.

[14] Terzić, A., Petrevska, B. and Petrović, M (2019). Evaluation methods for sustainable ruraltourism development: Issues to be addressed. Agrieconomica, 48(84), 55-64.

[15] Теренско истражување на рурални населби.

[16] Милевски, И (2011). Значајни геоморфолошки локалитети на Осоговскиот планински масив: Билтен за Физичка географија, Скопје, (7-8), 29-44.

[17] Петрушевски, И., Маркоски, Б. (2014). *Реките во Република Македонија*: Геомап, Скопје, 32.

[18] Павловска, Ј., Никифоровиќ, Н., Коцевски, О., (2011). *Карта на верски објекти во Македонија*: КОВЗРГ, Менора, Скопје.

[19] Јовановски, В (2005). *Населбите во Преспа*: Ѓурѓа, Скопје.